

списание за **ПРОМОВИРАЊЕ** на **БИБЛИСКАТА**

# АРХЕОЛОГИЈА

## ископување на иднината

број 13 ● Година II, 2017 ● цена 30 денари ● месечно издание

Во овој број:

светилиштето во

## СИЛОМ









**Луѓето од камената доба**

**Ископините во Силом**

**Оригиналното светилиште**

**Еламитскиот јазик**

**Падот на Александар**

**Римските пагани и папи**

**Пророштво за 2300 години**

## ЕЛАМИТИТЕ

*Кога истражувачите ја посетиле Палестина во 19 век, една од нивните цели била да се идентификуваат локациите на местата споменати во библиските записи. Имало три извори на информации што тие можеле да ги истражуваат.*



**ПРВО**, забележано е дека имињата на сегашните арапски места често пати се слични со оригиналните библиски имиња. Беитин бил идентификуван како Бетел, Рамалах бил идентификуван како Рамах, а има и многу други кои би можеле да бидат идентификувани. Во 1838 г. Едвард Робинсон наишол на арапското село Сеилун, во близина на рид каде што имало стари урнатини, и заклучил дека тоа мора да е библиски-от град Силом. **ВТОРО**, најдени се географски информации што ги содржи Библијата. Во случајот на Силом тоа е многу специфично. *„Ете, секоја година е празник Господов во Силом, на север од Ветил и на исток од патот што води од Ветил за Сихем, и на југ од Левона“* (Судии Израелеви 21,19). Сеилун се наѓа на околу 16 километри северно од Ветил (Bethel), источно на сегашниот пат од Ветил до Сихем (Shechem), а Левона (Lebonah) е идентификуван со Лубан еш-Шаркие (Lubban esh-Sharqiyyeh) на северозапад од Сеилун. **ТРЕТИОТ** извор на информации доаѓа од записите на древните историчари и мозаичната мапа во грчката црква Мадаба во Јордан. Во четвртиот век епископот Евсевиј (Bishop Eusebius) зборувал за Силом кој бил „близу до Неаполис (Сихем)“. Знаејќи ги сите овие информации, патник от Робинсон немал никакви сомневања за локацијата на Силом, а подоцна археолозите пронашле докази со кои се потврдиле неговите тврдења.

## Што е „тел“?

Силом се нарекува ***тел*** („tell“). Тоа е арапски збор што значи куп од руини.



Поголемиот број улици во Ерусалим во денешно време се 10 метри над нивото на улиците по кои одел Исус пред 2.000 години.




Мозаичната мапа во грчката црква Мадаба во Јордан

Вакви руини главно се пронајдени на врвовите на ниски ридови. Затоа Исус илустрирал една парабола кажувајќи: *„Не може да се сокрие град што се наоѓа на врв на рид“* (Матеј 5,14). Староседелците во Палестина обично избирале да се населуваат на ридови, бидејќи така им било полесно да се бранат. Во тој период немало планирање на градовите. Куќите биле збиени и напаѓачите лесно ги уништувале. Некогаш паѓале и ѕидовите или, пак, покривите. Не се практикувало собирање на отпадоците, така што тие завршувале пред влезните врати. Со време купиштата отпадоци се натрупувале, а тоа довело до зголемување на нивото на почвата. По уништувањето од страна на напаѓачите, се практикувало израмнување на земјишната површина и градење куќи одозгора, па така висината на градот растела слој по слој. Не е невообичаено да се најдат купишта издигнати до 30 метри над површината. Поголемиот број улици во Ерусалим во денешно време се 10 метри над нивото на улиците по кои одел Исус пред 2000 години.

## Луѓето од камената доба

Кога археолозите почнале да ископуваат надолу по купиштата, пронашле различни предмети кои можат да се идентификуваат како фрагменти од садови што се најдени во слоевите од отпадоци. Првите староседелци биле луѓето од камената доба. Грчкиот збор за камен е „lithos“, па затоа зборуваме за *палеолит* (стар камен) и за *неолит* (нов камен). Кога ќе се каже камена доба, не се мисли на неук народ или пештерски луѓе. Во археолошката терминологија ова едноставно се однесува на луѓето што не знаеле како да ги топат металите. Нивните алатки и орудија биле направени од камен, кои често пати биле вешто и убаво изработени, што укажува на висока интелигенција и уметнички вкус. Истио така, тие научиле како да го ископуваат и да го топат бакарот, кој бил многу покорисен од



каменот, а потоа научиле како да го мешаат со калај и да прават бронза, па затоа овој период е познат како *бронзана доба*. Претходниот период помеѓу овие две доба е познат како *халколит*, што значи бакар и камен. Бронзаната доба е поделена на *ран бронзен период, среден бронзен период и доцен бронзен период*.

Голем технолошки напредок имало кога занаетчиите научиле како да го топат железото. Ова било







потешко од топењето на бакарот, затоа што железото има повисока точка на топење и потребна е поголема топлина. Пред почетокот на овој период железото се користело повремено, но станало подостапно, па затоа ова време е наречено *железна доба*.

Определувањето на времетраењето на различните епохи не било лесно, па дури и сега постојат многу дискусии за точното одвивање на овие периоди.






## Изградбата на **светилиштето**

Откако Господ ги објавил Десетте заповеди на врвот на планината Синај, му кажал на Мојсеј: *„Да ми направите светилиште, од каде што ќе ви се јавувам“* (2. Мојсеева 25,8). Големината и природата на оваа градба и нејзиниот изглед и опремување биле внимателно одредени, како што му било кажано на Мојсеј: *„И гледај да ги направиш според образецот што ти беше покажан на планината“* (40. стих). Во текот на годината кога Израел се наоѓал на планината Синај, светилиштето било изградено и осветено, и сѐ било прецизно организирано. Кога Израелците го започнале своето патување до Ветената земја, светилиштето се собирало и предметите биле изнесувани од страна на свештените лица. Каде и да се сместеле, повторно било подигнувано и тука се изведувале пропишаните обреди. Кога конечно стигнале до својата земја, светилиштето било подигнато во Силом, во срцето на Палестина, меѓу сите дванаесет племиња на Израел.



Макета од храмот во Ерусалим

## Ископините во **Силом**

Пред повеќе од 100 години, истражувач по име Чарлс Вилсон го посетил Силом, и на северната страна на купот руини („tell“) забележал област широка околу 25 метри, вдлабната во еден од камените слоеви руда. Имала рамна камена површина и била поставена од исток кон запад. Со оглед на тоа што сето ова одговарало со големината и насоката на израелското светилиште, тој дошол до заклучок дека токму тоа е местото каде што се наоѓало светилиштето.

Дворот на светилиштето бил *„сто лакти во должина од едната страна“, „а и од пред-*

*на̄та страна кон исток дворот треба да има педесет лакти*" (2. Мојсеева 27,9.13). Бидејќи еден „кубит" (лакт) изнесувал приближно половина метар, ова би се совпаднало со тоа што го нашол Вилсон. Останатите научници не се согласиле со него бидејќи сметале дека светилиштето би требало да е изградено на врвот од некоја височина („tell"), но кога тоа било поставено на Синај, Мојсеј *„го зеде шаторот свој и го распна надвор од логорот"* (2. Мојсеева 33,7), но ова не е валиден аргумент против Силом. Всушност, повеќе луѓе би можеле да се соберат ако е тоа поставено во центарот на градот. Во секој случај, на врвот на ридот нема знаци за такво нешто. Пред извесно време, израелскиот археолог Зев Јевин (Zev Yevin) спуштил неколку цевки надолу пробивајќи ја земјата и отпадот помеѓу карпите. Разговарав со него во неговата канцеларија во зградата за антиквитети во Еврејскиот музеј во Ерусалим. Тој ми кажа дека, што и да сторел, наидувал на камена површина. Уверен е дека е тоа местото каде што било светилиштето. Од 1926 до 1932 година една данска експедиција ископала делови од Силом. На јужната страна експедицијата нашла подови од две византиски цркви што некогаш постоеле на тоа место. Подоцна започнала изградбата на нова црква, но никогаш не била завршена, а полуизградените ѕидови сè уште се во Силом.




Израел Финклештајн

## Ископувањата на **Финклештајн**

Почнувајќи во 1981 година, Израел Финклештајн четири сезони вршел ископувања во Силом. Тој открил дека, иако во Силом живееле мал број луѓе, изгледа оти сепак многумина работеле на изградбата на масивните ѕидови. Од ова тој заклучил дека ова место било место за аџилак каде што живееле малкумина, но доаѓале да го посетат мнозина. И откривањето на коски од животните што биле жртвувани тука, го навело на заклучок дека имало светилиште во Силом, но се случила трагедија. Филистејците го заплениле Ковчегот на заветот и го ставиле во храмот на нивниот бог на сонцето Дагон. Тие дозволиле Ковчегот да се врати во Израел дури откако биле заразени од мистериозна чума и болести (1. Книга Самоилова 5,1 до 7,1). Во времето на крал Давид, околу 1000 години пред Христа, ковчегот бил донесен во Ерусалим. Синот на Давид, Соломон, изградил величествен храм во Ерусалим и таму бил ставен Ковчегот, со десетте Божји заповеди во него (1. Царевите 6,19).



Приказ на светилиштето со оградата и жртвеникот

## **Целта** на светилиштето

Во дворот на храмот имало жртвен олтар каде што биле убивани и палени животни секое утро и секоја вечер (2. Мојсеева 29,38.39). Луѓето кои чувствувале вина за гревовите што ги сториле донесувале животно, ги признавале своите гревови над неговата глава и го убивале (3. Мојсеева 4,27-29). Помеѓу олтарот и светилиштето имало сад со вода. Свештениците, на влегување во храмот, морале да се измијат таму пред да се појават пред Бога. Нивната чистота била мошне важна, па ако некој не направел така, му била изрекувана смртна казна (2. Мојсеева 30,18-21). Светилиштето било мала градба и не било предвидено за да се собираат други луѓе што го обожаваат Бога, туку само за свештениците кои таму ги изведувале своите обреди. Било со големина 15 со 5 метри и било поделено на две одаи (2. Мојсеева 26,15-22). Во првиот дел имало



Приказ (пресек) на внатрешноста на светилиштето

маса на која биле ставени 12 векни леб (2. Мојсеева 25,23), олтар со темјан, (30,1) и светилник со седум гранки (25,31). Тука секој ден доаѓал свештеник да ги исчисти и дополни ламбите и да стави темјан, така што тие постојано гореле (3. Мојсеева 24,2-4). Еднаш седмично лебот бил заменуван со свежи векни (24,5-8).


Остатоци од синагогата во Капернаум

## Божјото Јагне

Наспроти жртвите приложени од страна на паганските народи, овие жртвени животни не биле приложувани со цел да ги смируваат лутите богови. Господ кажал: *„Крв од телиња, од јагниња и јарења не сакам“* (Исаија 1,11). Тој сакал преку овие жртви да ги насочи мислите на луѓето кон доаѓањето на Спасителот кој ќе биде *„како јагне одведен на колење“* (Исаија 53,7). Кога Јован Крстител го видел Исус како доаѓа, кажал: *„Еве го Јагнето Божјо, кое ги зема гревовите на светот врз себе“* (Јован 1,29). Како недолжно јагне чија крв ќе биде дадена за виновните грешници, така Исус Христос, безгрешниот Божји Син, умрел за нашите гревови. *„Зашто Бог толку го возљуби светот, што го даде својот единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот“* (Јован 3,16).

## Уништеното светилиште

Кога Вавилонците го уништиле Ерусалим во 586 г. пред Христа, храмот на Соломон, кој изгледал како шатор-светилиште, бил уништен и светите предмети биле однесени во Вавилон (2. Царевите 25,8-15). Книгите Макавејски (во апокрифите), не се вдахновени, но имаат историска вредност. Таму се вели дека, пред храмот да биде уништен, Еремија и некои верни помагачи го преместиле светиот Ковчег и ги зеле камените плочи на кои биле врежани Десетте Божји заповеди. Се вели дека ги скриле во некоја пештера на планината Небо. Сепак, колку што знаеме - тие никогаш не се најдени; можеби ќе се случи и тоа еден ден. Во Макавејските книги се тврди дека „овој пророк, по Божјо откровение, им заповедал да ги носат со себе скинијата и Ковчегот, и дека се искачил на гората, на која се искачил Мојсеј и оттаму го гледал Божјото наследство. Откако пристигнал таму, Еремија






Јераш бил еден од десетте градови на римскиот Декаполис


Дрвото на Захеј



Илустративен приказ на Ковчегот на заветот

нашол засолниште во една пештера, каде што ги внесол скинијата, Ковчегот и кадилниот жртвеник, а потоа го заѕидал влезот. Потоа, кога дошле некои од неговите сопатници за да го означат патот, не можеле да го најдат. А Еремија ги укорил, штом разбрал за тоа, велејќи им дека тоа место ќе остане непознато сè додека Бог не се смилостиви и одново не го собере својот народ. Токму тогаш Господ ќе ги открие тие работи, и ќе се појави славата Господова“ (Втора книга Макавејска 2,4-8; Ерусалимска Библија).

Кога се вратиле Евреите од прогонство, тие повторно го изградиле својот храм, но секако, недостасувал Ковчегот, кој никогаш не бил пронајден. Кралот Ирод го украсил храмот и токму тој храм бил исчистен од страна на Исус.

# Оригиналното
## светилиште

Во 70 година Римјаните го уништиле Ерусалим и храмот бил целосно демолиран, како што кажал Бог. Всушност, светилиштето на земјата било само мал модел на Божјиот голем храм на небото, а свештениците на земјата биле како Исус. Во Евреите 8,1.2. е кажано: *„Имаме таков Првосвештеник, кој седна од десната страна на престолот на величието на небесата, и е служител на светилиштето и на вистинската скинија што ја постави Господ, а не човек.“* Кога на Јован му било претскажано ова, тој го видел овој храм и уредувањето во него. *„Потоа видов: ете, на небото се отвори храмот на скинијата на собранието“* (Откровение 15,5). Тој видел и дека *„пред престолот горea седум огнени светила“*; тие ги симболизирале *„седумте Божји духови“* (Откровение 4,5). Исто така, видел и *„друг ангел со златна кадилница... и му беше даден многу темјан, та со молитвите на сите светии да го остави на златниот жртвеник што беше пред престолот“* (Откровение 8,3), како и Ковчегот на заветот. *„Тогаш на небото се отвори храмот на Бога, и се јави ковчегот на заветот во Неговиот храм“* (Откровение 11,19).



Илустративен приказ на Соломоновиот храм







**Па така, Небесниот храм е големиот оригинал според кој е изграден храмот на Мојсеј.** Ние не сме привилегирани како што бил Јован да го видиме храмот на Небото, но можеме да добиеме некаква претстава за него ако погледнеме некој храм овде на Земјата. И што е уште поважно, можеме да разбереме што прави Исус за нас.

# Нашиот величествен **Првосвештеник**

Ние сме грешни. *„Сите згрешија и лишени се од славата Божја“* (Римјаните 3,23), и *„платата за гревот е смрт“* (Римјаните 6,23). Сите заслужуваме вечна смрт, но Исус нè поканува да дојдеме кај него и да примиме простување за сите наши гревови. Тој не само што сака туку едвај чека ние да му се обратиме. *„Зашто, ние немаме таков Првосвештеник, што не може да сочувствува во нашите слабости, туку таков, кој искусил сè како и ние, освен грев и така, слободно да пристапуваме кон престолот на благодатта, за да примиме милост и да најдеме благодат за благовремена помош“* (Евреите 4,15.16). Признанието не е за пред некој свештеник на Земјата, *„Зашто еден е Бог и еден е посредник меѓу Бога и луѓето – човекот Христос Исус“* (1. Тимотеј 2,5). Во моментот кога ќе зажалиме за нашите гревови и ќе поверуваме дека Исус умрел за нас, Бог ја уважува праведноста на Исус и ние стоиме пред Бога како никогаш да не сме грешеле (Римјаните 5,1). *„И сега нема никакво осудување за оние што се во Исус Христос“* (Римјаните 8,1).



Посредникот меѓу Бога и луѓето е нашиот најдобар пријател Исус и затоа можеме секогаш да дојдеме кај Него со сигурност дека тој нè прима и разбира.



# ЕЛАМИТИТЕ

Само осум луѓе го преживеале потопот што го уништил светот пред 4300 години: Ное и неговата сопруга, неговите три сина Хам, Сим и Јафет, и нивните сопруги (1. Петрово 3,20). Хам им станал татко на Хананитите и на африканските нации, а Сим им станал татко на Семитите. Неговите наследници се запишани во 1. Мојсеева 10,22: „Елам, Ашур, Арфаксад, Луд и Арам.“ Оваа листа е како сложувалка. Во генеалошката листа обично најстариот син се спомнува прв. Исклучок се прави кога е вклучен некој важен за историјата на Израел. Во 1. Мојсеева 11,26 кажано е дека „Тара поживеа седумдесет години и ги роди Аврам, Нахор и Аран.“ Тука Аврам е спомenat прв, но во 1. Мојсеева 11,31 и 12,4 можеме да прочитаме дека Аврам сигурно се родил по првороденото дете на Тара. Арфаксад бил роден *„две години по потопот.“* Тоа значи дека Елам и Ашур биле веројатно родени по него. Тогаш, зошто е Елам запишан прв? Дали е тоа затоа што во Мојсеево време Еламитите се сметале за позначаен народ отколку што историчарите сметале? Еламитите се малку споменувани во историските книги, но тие играле важна улога во историјата, и нивната приказна е многу важна. Елам е интересно име. Тоа е многу слично со еврејскиот збор „олам“ што значи „засекогаш“. Во библиското време на имињата им се придавало големо значење. Дали неговото име се однесувало на „договор што трае засекогаш“ кој Бог го направил со Ное кога тој излегол од арката, ветувајќи му дека никогаш повторно светот нема да биде уништен од потоп? (1. Мојсеева 9,15.16). Наследниците на Елам се населиле во областа источно од реката Тигар и северно од Персискиот Залив. Во еврејските записи нивниот главен град бил Шушан (Shushan), кој подоцна Грците го нарекле Суза. Денеска иранското село наречено Шуш (Shush) се наоѓа покрај урнатините на историскиот Шушан.






Тврдината во Шушан

## Еламитскиот јазик

Чудно е да се каже, но Еламитите не го зборувале семитскиот јазик, и современите научници не го разбираат целосно нивниот првобитен јазик. За среќа, тие пишувале на глинени табли користејќи акадско клинесто писмо, со што се овозможува нивната историја да биде прочитана и разбрана. Во текот на персискиот период еламитскиот јазик претрпел промени и кога сер Хенри Ролинсон го превел тријазичниот запис на Дариј I во Бехистун, можел да го дешифрира еламитскиот дел во записот. Најверојатно Иранците (Аријците) имале влијание врз оние што подоцна се населиле во истата област. Аријската миграција се поместила од јужна Европа кон Авганистан. Некои дури заминале преку преминот Кајбер кон Индија, така што мноштво од северните Индијци потекнуваат од нив. Другите заминале на запад и станале познати како Персијци. Сега тие си го вратиле оригиналното име и нивната земја се вика Иран, според нивното аријанско потекло. Па така, на југ и на исток Еламитите биле всушност Персијци, а на север биле Меди. На нивната западна страна биле Халдејците и Сумерите.



Имаме многу сознанија за историјата на Елам како резултат од ископувањата на француските археолози кои работеле во Шушан од 1884 година и продолжиле со ископувањата сè до неодамна. Урнатините на Шушан покриваат област поголема од три квадратни километри. Археолозите си изградиле тврдина на еден рид каде што можеле да живеат безбедно и да ги чуваат артефактите што ги откривале. Многу артефакти, вклучувајќи и неколку прекрасно полирани керамички плочки, биле сочувани од урнатините.



Тврдината на археолозите



Ископини во царската престолнина Шушан

## Историјата на Елам

Во раната историја на Еламитите се споменува еден голем окупатор, Саргон од Акад (Sargon of Akkad), кој го окупирал Елам и имал големо влијание. Потоа Еламитите станале независни и го нападнале Ур Халдејски, со што ја довеле до крај моќната Трета династија на Ур. Во 19 век пред Христа, во времето на Аврам, Амрафел, кралот на Шинар, заедно со Кедорлаомер, кралот на Елам, ја нападнале Палестина и ја држеле во потчинетост дванаесет години (1. Мојсеева 14,1-4). Кога се побуниле кралевите од Палестина, источните кралеви се вратиле и ги ограбиле Содом и Гомора, земајќи го со себе внукот на Аврам, Лот. Аврам ја нашол војската, ги изненадил и успеал да го спаси Лот и неговото семејство (16. стих).

Еден од големите монарси во Вавилон бил аморејскиот крал Хамураби, кој ги покорувал земјите јужно од Вавилон. Тогаш Еламитите биле беспомошни. Некои од научниците се обидувале да го идентификуваат Хамураби со Амрафел, но со оглед на тоа што нема точен датум за Хамураби, оваа врска не може да биде потврдена. Како и да е, тој е најдобро познат по неговиот код на закони врежан во црн столб висок два метри. Потоа Елам повторно се појавува како голема меѓународна сила. Кралевите Хубамена и Унташ-Хубан изградиле многу храмови за повеќе од 20 божества. Кралевите Шутрук Нахунте и Кутир Нахунте ја нападнале Месопотамија и го однесле во Шушан црниот столб со кодот на закони. Столбот останал во Шушан сè до 1901 година кога француски археолози го откопале и го транспортирале во Лувр во Париз.

Еламитскиот војсководец Шилак Иншушинак ја имал под своe водство областа Месопотамија источно од реката Тигар, при што била овозможена изградба на многу храмови во земјата. На сето ова му дошол крајот кога во 12 век пред Христа Навуходоносор I ги покорил Еламитите. Во наредните векови се водела борба за моќ меѓу Вавилон и Асирија, а Еламитите повремено се вклучувале во сликата.

## Елам под водство на **Персија**

Со растежот на Персиската империја во 6 век пред Христа, Елам бил редуциран до ниво на персиски сатрап, но Шушан бил еден од трите главни градови на империјата и персиските кралеви останувале таму по три месеци во текот на зимата, каде што изградиле прекрасни палати и сали. Во една од нив бил персискиот крал Ксеркс кога се случиле настаните запишани во книгата на Естира (Естира 1,2). Ксеркс било грчко име за библиското име Ахасвер. На истото место Немија го служел со вино Артаксеркс кога му било наредено да се врати во Ерусалим и повторно да го изгради (Немија 1,2).



Дали нафтата е богатството на Елам?

## Пропаѓањето на Елам
### и неговото обновување

Еремија го претскажал крајот на еламскиот народ. *„Вака вели Господ Саваот: еве, ќе го скршам лакот на Елам, неговата главна сила“* (Еремија 49,35). Еламитите биле добро познати по нивната вештина како стрелци со лак. Во времето на Исаија, околу 100 години претходно, пророкот напишал: *„И Елам зеде оружје: луѓе со коли и јавачи“* (Исаија 22,6); како и *„ќе испратам против Елам четири ветра од четирите краишта на небото, и ќе ги растурам Еламците по сите тие ветрови... и по нив ќе испратам меч, додека не ги истребам“* (Еремија 49,36.37). Еремија пишувал во времето на Навуходоносор II од Вавилон, кој го окупирал Елам и протерал многу од неговите граѓани. Никогаш потоа Елам не бил независен народ. Пророштвото завршува вака: *„Но во последните денови заробените Еламци ќе ги вратам, вели Господ“* (стих 39). Во преводот на Библијата The New International Version ова се преведува како *„обновување на богатството на Елам“*. Некои научници сметаат дека пророштвото било условно, и бидејќи Елам не ги исполнил условите, богатството никогаш не било обновено. Јас само се прашувам дали ова пророштво има поголемо значење отколку што се гледа на прв поглед.

Пред многу години патував со моето семејство со автомобил од Персеполис до Корамшар во Иран. Додека ги минувавме монотоните рамнини, забележавме многубројни пожари кои изгледаа како да излегуваат од земјата како бескраен пекол. Потоа патот поминуваше покрај големи цевки и забележавме како оган го гори вишокот гасови од нафтата што ја има во овој регион, која се пренесува преку цевките во Абадан, огромна нафтена рафинерија во Персискиот Залив. Тука е изворот на подоцнежното богатство на Персија кое дошло од Елам. Веројатно Бог видел низ вековите и предвидел дека тој ќе го обнови богатството на Елам на овој начин, во ова последно време.

## Визијата на Даниел во Елам

Најважната случка во Библијата што се одиграла тука била визијата дадена на пророкот Даниел во време на владетелот Валтазар од Вавилон, како што е забележано во 8. глава во книгата на Даниел. Пророкот напишал: *„И видов во видението, и кога гледав, јас бев во Шушан, престолнината на еламската област, и видов во видението како да бев покрај реката Улај“* (2. стих). Не е јасно дали е Улај друго име за реката Тигар која тече во близина, или е име на каналот што се наоѓа токму покрај градот десно. Традиционалната гробница на пророкот Даниел е поставена на браната од овој канал. Понатаму Даниел вели: *„Ги кренав очите и видов: а таму покрај реката стои еден овен: тој имаше два рога“* (3. стих). Нема двоумење во врска со идентификацијата на овој симбол, ангелот Гаврил дошол кај Даниел и кажал: *„Овенот што го виде – неговите два рога – тоа се мидискиот цар и персискиот“* (Даниел 8,20). Медо-Персија владеела од 539-331 г. пред Христа. Според пророштвото, ова царство „станало големо“ (8. стих). Потоа Даниел видел *„еден козел...и тој козел имаше силен рог меѓу очите свои“* (5. стих). Му било кажано: *„косестиот козел е царството Јаван (царството на Александар Македонски), додека големиот рог што се наоѓа меѓу неговите очи, тоа е нејзиниот прв цар“* (21. стих). Македонската инвазија се случила во 331 г. пред Христа, и првиот цар што се споменува е Александар Македонски.



*„И видов кога тој се приближи до овенот, сурово му се нафрли и му ги скрши двата рога“* (7. стих). Тој ги поразил Персијците кои биле под водство на Дариј III во три главни битки. По последната битка кај Арбела во северен Ирак во 331 г. пред Христа, Дариј бил убиен и царството на Александар „многу се засили“ (8. стих).



Традиционалната гробница на пророкот Даниел

## Падот на **Александар**

Ангелот понатаму му кажал на Даниел: *„Тогаш козелот многу се засили, големиот рог му се скрши и на тоа место му изникнаа четири, свртени на четирите страни на светот“* (8. стих). Окупаторите и царствата обично паѓаат кога се слаби, но овој цар паднал кога бил силен. Александар, само што се вратил од исток со воените трофеи, починал во Вавилон во 323 г. пред Христа, на возраст од 32 години. Тој немал доволно возрасни деца за да го наследат неговото царство, па следувала борба за неговата моќ, кога во 316 г. се појавил македонски генерал Антигон, прогласувајќи власт над Александровото азиско царство и преземајќи го богатството. Александровите четири генерали Касандер, Лисимах, Селеук и Птолемај не ја признале неговата власт и следувала долга и тешка војна. Во 301 г. пред Христа, Антигон бил поразен и убиен



Споменикот на Александар Македонски, Скопје

и четворицата генерали ја поделиле империјата меѓу себе. Во 280 год. пред Христа Селеук ги елиминирал Касандер и Лисимах и воспоставил своја империја, владеејќи со целиот дел на Александар освен со Египет, кој бил под контрола на Птолемај.

## Моќта на малиот рог

„И од едниот од *нив излезе мал рог, кој порасна многу спрема југ и спрема исток и спрема Ветената Земја*“ (Даниел 8,9). Во 168 г. пред Христа, римските војски марширале кон исток и ги поразиле Македонците во битката кај Пидна, со што го довеле до крај македонското царство изградено од Александар. Во 67 г. пред Христа, римскиот генерал Помпеј ја водел својата војска на југ кон Сирија и Палестина, *„ветената земја“* од пророштвото. Малиот рог станал *„невообичаено голем“*. Некои научници се обиделе да го идентификуваат селеукискиот цар Антиох Епифан со малиот рог, но во пророштвото се зборува за „невообичаено голема“ моќ – поголема од Персија или Македонија, а тоа никогаш не може да се каже за Антиох. Сепак, тоа секако може да се каже за екстензивната Римска империја. Но Рим не само што војувал против земските царства, туку *„се издигна дури и до Водачот на таа војска“* (Даниел 8,11). Исус Христос, *„Принцот на животот“* бил распнат под власта на римски владетел (Дела апостолски 3,15).

*„Ги запре секојдневните жртви и го урна местото на Неговата светиња“* (11. стих). На врвот на планината Сион во Ерусалим се наоѓал прекрасен храм обновен од Ирод Велики. На ова место израелските свештеници вршеле служба над дневните жртви принесени на олтарот. Во 70 г. римските војски под водство на Тит го освоиле Ерусалим и го уништиле и храмот и градот. Тогаш била завршена ерата на еврејските жртвеници.



Селеук ги елиминирал Касандер и Лизимах

## Римските пагани и папи

Преземањето на градот било претскажано и римската религија се појавила на сцената. *„А тој, откако ја собори вистината на земјата, дејствуваше и успеваше“* (стих 12). Во периодот што следувал предвидено е дека империскиот Рим и папскиот Рим е една иста сила, и од историска гледна точка понекогаш е тешко да се направи разлика меѓу нив. Папскиот Рим не е само црква. Тоа е политичка моќ каде што Папата е цар. Градот Ватикан е независно царство со своја територија, полиција и пошта. Кога Константин го прогласил Византион за главен град на Римската империја во 330 година, Рим сакал да биде седиште на империјата и Папата се нашол во „вакуум“. Тој сметал дека ја заслужува титулата „Pontifex Maximus“ и токму тој бил оној, како главен на црквата, кој ја соборил „вистината на земјата.“ Има многу искрени членови на католичката црква и тие ќе добијат вечен живот преку жртвата на Исус. Ова пророштво не се занимава со индивидуални црковни членови, туку со догмите на црквата и со нејзиното учење, и тука црквата е виновна за соборувањето на *„вистината на земјата.“*




## Вистинско скриено светилиште

Оваа изрека е особено значајна кога се употребува за учењето на католичката црква за светилиштето. Кога еврејскиот храм бил уништен од страна на Римјаните, Бог не останал без светилиште. Всушност, тоа било само минијатурен модел на големото светилиште на небото. *„Имаме таков Првосвештеник, кој седна од десната страна на престолот на величието на небесата, и е служител на светилиштето и на вистинската скинија, што ја постави Господ, а не човек“* (Евреите 8,1.2). Кога Исус Христос се вознесол на небото, тој влегол во првиот оддел на ова небесно светилиште и станал наш голем Првосвештеник и посредник. Ние сме поканети *„слободно да пристапуваме кон престолот на благодатта, за да примиме милост и да најдеме благодат за благовремена помош“* (Евреите 4,16). Но оваа голема вистина е заборавена. Католичката црква учела дека христијанската црква е светилиште а нејзините свештеници се наши овоземски посредници. Покајаните грешници биле поучувани да ги признаат своите гревови пред обичен човек-смртник, наместо пред *„единствениот посредник меѓу Бога и луѓето – човекот Исус Христос“* (1. Послание до Тимотеј 2,5). Вистината за небесното светилиште била спуштена на Земјата.

## Пророштво за 2300 години

Според извештајот, изгледа дека небесните ангели, гледајќи ја драмата, биле стаписани откако луѓето не ја согледале оваа голема вистина. Еден ангел нетрпеливо прашал: *„До кога ќе трае тоа од видението за секојдневната жртва и*





Декретот на Артарксеркс бил појдовна точка




*за бесчесното опустошување, што ги гази Светилиштето и војската небесна“* (13. стих). Одговорот бил: *„Две илјади и триста вечери и утра“* (14. стих). Во многу библиски пророштва еден ден симболизира една година. Во Книгата на пророк Езекија 4,6, Бог споменува ден за да претстави една година: *„ден за година ти определив“*. Според истиот принцип, ние го имаме пророштвото за 2300 години. За да може да се определи крајниот датум на ова пророштво, важно е да се знае почетниот датум. Во книгата на пророкот Даниел во 8. глава, не е дадена никаква информација. Причината е јасна. Пред да биде пророштвото целосно поврзано, пророкот пребледел и паднал. *„Потоа“*, вели тој, *„станав и почнав да се занимавам со царските работи; се чудев на тоа видение и не го разбирав“* (27. стих). Како може некој да го разбере ова кога не бил даден датумот за почетокот?

## Пророштвото е **објаснето**

Даниел чекал единаесет долги години за да ја разбере оваа толку значајна визија која му била покажана за светилиштето. Фактот дека пророштвото на Еремија во однос на обновувањето на Ерусалим и неговиот храм било пред исполнување, би претставувало дополнителен интерес за него. Тој постел и се молел, и како одговор ангелот Гаврил се појавил пред него со порака: *„Сега излегов за да те научам да разбираш... па така, внеси се во зборот и разбери го видението“* (Даниел 9,21.22). Ова би била незавршената визија од осмата глава, и сега би бил обезбеден и елементот што недостасувал. *„Знај и разбери: од времето кога излезе законот за обновување на Ерусалим, до доаѓањето на Помазаникот Божји има седум седмици и шеесет и две седмици“* (25. стих).

Тоа бил почетниот датум за пророштвото за идниот Месија, и бидејќи станува збор за подолг период од 2300 години, со тоа би се означил и почетниот датум на пророштвото. Декретот за обнова на Ерусалим бил издаден од Артаксеркс во седмата година од неговото владеење (Езра 7,7.13), што би било во 457 г. пред Христа, или 456 полни години пред Христа. Сметајќи го ова како почетна точка, пророштвото за 2300 години би завршило во 1844 година. Во таа година требало уште еднаш да биде разбрана вистината за небесното светилиште и за службата на Исус.



## ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

АРХЕОЛОГИЈА

Низ прашањата, дадени на оваа и на следната страна, можете да ги проверите и утврдите своите нови сознанија што ги стекнавте читајќи го овој број од БИБЛИСКА АРХЕОЛОГИЈА. Доколку точно одговорите на прашањата од целата серија, ќе добиете **ДИПЛОМА** за завршен курс по Библиска археологија.

# СВЕТИЛИШТЕТО ВО СИЛОМ

***1.*** Кога Израелците се населиле во Палестина, каде било лоцирано светилиштето?

Одговор: ______

***2.*** Кои три методи биле употребувани за идентификување на библиските локалитети?

(а) ______ (б) ______

(в) ______

***3.*** Што значи арапскиот збор „тел“? Одговор: ______

***4.*** Кои биле трите причини за „тел“ да се издигне во височина?

(1) ______ (2) ______ (3) ______

***5.*** Подредете ги периодите според точниот редослед:

( ) Доцен бронзен ( ) Ран бронзен ( ) Железен ( ) Палеолит

( ) Средно бронзен ( ) Неолит ( ) Халколит

***6.*** Зошто било многу потешко да се стопи железо од бакар?

Одговор: ______

***7.*** Која била едната причина што Финклштајн донесол заклучок дека имало светилиште во Силом? Одговор: ______

***8.*** Кои три предмети се наоѓале во првиот дел од храмот?

(а) ______ (б) ______ (в) ______

***9.*** Според Откровение 11,19 што видел Јован во Божјиот храм на небото?

Одговор: ______

*Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? *(прашање на избор, не влијае на вашиот резултат)* ______

## ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

# ЕЛАМИТИТЕ

***1.*** Кое е библиското име на главниот град на Елам? Одговор:

***2.*** Од кој народ биле археолозите што дошле да го ископуваат главниот град на Елам?
Одговор:

***3.*** Чиј голем црн столб бил најден на кој биле запишани закони?
Одговор:

***4.*** Каде бил пророкот Даниел кога му се случило видението запишано во Даниел 8 глава?
Одговор:
а) Кој народ бил претставен со овен во визијата на Даниел?
б) Кој народ бил претставен со козел?

***5.*** Кој римски генерал го освоил Ерусалим и го уништил израелскиот храм таму?
Одговор:

***6.*** Што ќе се обиде да промени малиот рог со својата моќ? Одговор:

***7.*** Што ќе ѝ направи на вистината моќта на малиот рог од Даниел 8 глава?
Одговор:
а) На кој датум почнало пророштвото за 2300 години? Одговор:
б) На кој датум завршило? Одговор:

***8.*** Што е тоа на што му е потребно чистење на небото? Одговор:

***9.*** Дали некој заслужува да оди на небото? Одговор:

*Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? *(прашање на избор, не влијае на вашиот резултат)*

**Ваши податоци**

Име и презиме | Телефон

Адреса

Откако ќе ги одговорите прашањата и ќе ги внесете Вашите податоци, исечете го овој лист и испратете го на нашата адреса:
**за Библиска археологија, ул. Влае бр. 42, 1000 Скопје**

# Адвентистичкото
## движење во 1844

Во поглед на 1844 година имало голем интерес во христијанскиот свет за учењето на библиското пророштво. Поточно, многу библиски научници дошле до заклучок дека пророштвото на Даниел 8,14 завршува во 1844 година, и тогаш Исус ќе се врати на оваа Земја. Нивната надеж пропаднала кога Исус не дошол во таа година, и тие барале објаснување за своето разочарување. Пророштвото кажало дека по *„2300 вечери и утрини; тогаш светилиштето треба да биде исчистено.“* Поради претходната забелешка дека светилиштето било на Земјата, тие заклучиле дека чистењето на светилиштето било чистење на Земјата со оган при Исусовото враќање. Откако се соочиле со горчливо разочарување поради недоаѓањето на Исус, тие повторно почнале да го проучуваат пророштвото. Токму тогаш откриле дека вистинското христијанско светилиште не било на Земјата, туку на небото.



# Чистењето
## на светилиштето

Тогаш што значи чистење на небесното светилиште? Дали има нешто на небото на кое му е потребно чистење? Очигледно има, бидејќи во Посланието до Евреите 9,23 се вели: *„Сликите на небесните нешта требаше да се исчистат на таков начин, а самото небесно со подобри жртви од овие.“* Тоа значи дека овоземското светилиште било исчистено секоја година со крвта на жртвениот јарец на денот на помирувањето (3. Мојсеева 16,19). Небесното светилиште ќе биде исчистено со подобра жртва - со Христовата крв. Па, што е тоа на кое му треба чистење? Во светите списи се вели дека се води точна евиденција за гревовите на луѓето (Проповедник 12,14). Кога ќе почне судниот ден, врз ос-

Списание за промовирање на библиската археологија | Број 13, година II, 2017 | Месечно издание |
Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Автор на текстот: **Дејвид Даун** | Превод на македонски: **Весна Вучиниќ** | Јазична редакција: **Мелита Томовска** | Дизајн: **Лазар Томовски** |
Издава: **АИК „Знаци на времето“,** Поштенски фах 215, 1000 Скопје | Контакт: **071 569 076** |
e-mail: **ab.institut@yahoo.com** | Печати: **Аркус дизајн**



нова на овие книги ќе се одредува кој заслужува вечен живот.

*„И судени беа мртвите според запишаното во книгите“* (Откровение 20,12). Така апостол Петар ги предупредил слушателите: *„Покајте се и обратете се, за да се исчистите од гревовите ваши“* (Дела апостолски 3,19). Никој, дури ни тој што би добил вечен живот, не би сакал да пристигне на Небото и да најде запис во книгите за сите свои гревови. Ние не само што сакаме да ни биде простено туку сакаме и нашите гревови целосно да ги снема од овие книги. Ова ќе биде сторено на судниот ден за секој што се покајал и верува во големата Исусова жртва.

## Судниот ден

Во 1844 година започнала работата на небесниот суд. Гревовите на верниците се избришани од Небесните белешки. Тој процес сè уште се одвива во светилиштето на небото. Кога ќе дојде крајот, Исус ќе се врати на оваа земја и ќе ги одведе своите верници во Неговото вечно царство. Затоа е важно токму сега да го прифатиме Исус Христос како наш Спасител, па кога судот ќе го разгледува нашиот случај, ќе бидеме *„удостоени да го избегнеме сето она што треба да се случи и да застанеме пред Синот Човеков“* (Лука 21,36). Всушност, никој не е достоен да го избегне тој суд, *„зашто сите згрешија“* (Римјаните 3,3), а *„платата за гревот е смрт“* (Римјаните 6,23). Но ако веруваме дека Исус умрел за нас, ние ќе бидеме *„удостоени... да застанеме пред Синот Човеков“*.

**ВО СЛЕДНИОТ БРОЈ ЧИТАЈТЕ:**

**РИМСКАТА империја**

**ЗАПЕЧАТУВАЊЕ и обележување**

- Римските цезари
- Протерувањето не можело да го спречи христијанството
- Мрачниот период од 1260 години
- Печати од „скарабеј“
- Америка во пророштвото

